…БЛИКА …ЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
…ШТИ… КРИВОГ…ШТАНИ
24 - 37
29. 11 2023 год
КРИВО…АШТАНИ

# Општина Кривогаштани

ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог за одобрување на Планска програма за Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститорот „Кривогаштани Промет“ ДООЕЛ од Прилеп, со тех.бр.454/22 од Јули 2023 год. изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „Студио Џон и Џони“ ДОО Прилеп-Подружница Скопје, со површина на плански опфат од 13 663.12 $м^2$, Градоначалникот на Општина Кривогаштани, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Планската програма за Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститорот „Кривогаштани Промет“ ДООЕЛ од Прилеп, со тех.бр.454/22 од Јули 2023 год. изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „Студио Џон и Џони“ ДОО Прилеп-Подружница Скопје, со површина на плански опфат од 13 663.12 $м^2$, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП со број 53718.

## Образложение

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Планска програма за Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани, заверено под број 24-37 од 27.07.2023 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на планска програма заведена под број 53718.

Кон барањето беа приложени следните документи:

- Полномошно од „Кривогаштани Промет“ ДООЕЛ од Прилеп за Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „Џон и Џони“ ДОО Прилеп-подружница Скопје заверено кај нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп број УЗП 7265/2022 од 06.12.2022 година;

-Електронска заверка на Геодетски елаборат и

-Планска програма за Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститорот „Кривогаштани Промет“ ДОО од Прилеп, со тех.бр. 454/22 од Јули 2023 год. изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „Студио Џон и Џони“ ДОО Прилеп - Подружница Скопје (pdf и dwg) формат.

По приемот на Барањето и разгледувањето на целокупната поднесена документација, беше одржана седница на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на општина Кривогаштани одржана на ден 10.11.2023 година на која беше изгласана Планска програма за Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани.

Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до градоначалникот на Општина Кривогаштани достави Предлог за одобрување на планска програма за Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани бр.24-37 од 18.10.2023 година.

Врз основа на претходно наведеното како и по извршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Кривогаштани утврди дека се исполнети условите за одобрување на Планската програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ број 225/20, 219/21, 104/2022 и 99/2023).

**Правна поука:** Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**Изработил:**
**Гоце Нешкоски**

**Градоначалник**
**на Општина Кривогаштани**
**Николче Мискоски**